

Шпаркасе Банка

ВРАБОТУВА

# СОРАБОТНИК ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

**ЛОКАЦИЈА**
Охрид, Дирекција за Информатичка технологија и организација / Оддел за бизнис анализа и развој на софтвер

---

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

| | | | |
|---|---|---|---|
| **200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **120.000 клиенти во земјата** | **35 експозитури и 95 АТМ** | **посветеност, кредибилитет и сигурност** |

## Што ќе биде твојата улога

- Прием и анализа од прво ниво на пристигнати барања преку JIRA service desk системот
- Решавања на тикети кои спаѓаат во дел на прво ниво на поддршка
- Подготовка на извештаи за користење на JIRA service desk системот
- Давање поддршка на крајните корисници кога е потребна ИТ - Апликативна поддршка за инсталирање на апликациите и помош на корисниците за коректно користење на апликациите
- Мониторирање на нотификациите за успешност на реализација на процеси во делот на автоматизација на процесите
- Дневни операции за пресметки на камати на депозити за физички лица и поврзани активности во директна соработка со надлежните служби
- Пресметки и извршување на процедурите за трајни налози
- Подготовка на дневна курсна листа како и во измени на истата во координација со надлежната дирекција
- Обработка на фајлови поврзани со наплати и распределби на приливи, во координација со надлежната служба
- Подршка во процесите за управување со логички пристап до информатичкиот систем на Банката и пристап до апликациите, согласно интерните акти на Банката
- Пресметки и обработки во делот на месечни обработки вклучувајќи ги обработките и пресметките за картички (CMS апликација) и во делот на кредитирање

---

## Кои квалификации се потребни

- CCC/BCC - Акредитирани високо образовни институции во РСМ
- Активно познавање на работа со компјутер (MC Office) и добро познавање на англиски јазик
- Претходно искуство во ИТ областа, искуство во мониторинг и поддршка на сервиси кон клиенти, основни познавање во делот на работа со податоци од бази на податоци (sql упити) и добро оперативно познавање на бизнис процесите и организацијата во Банката, како и оперативните обработки во ПУБ2000 решенијата, ќе се сметаат за предност
- Силни аналитички компетенции, проактивност, подготвеност за флексибилно работно време согласно потребите за поддршка на работните задачи
- Силна тимска ориентираност и одлични комуникациски способности

## Кои ќе бидат твоите придобивки

- Обезбедена обука за работа
- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскиот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **04.06.2023** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ“**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на Ваша согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 1 година, доколку сте согласни со тоа. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА!** #верувајвосебе #верувајвоиднината

SPARKASSE Bank